Ј.З.У УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ДЕРМАТОЛОГИЈА – СКОПЈЕ
*бул.Мајка Тереза бр.17 , 1000 Скопје, Р. Северна Македонија*
*Тел. + 389 2 31 47 205*
*e-mail: ukdermatologija@zdravstvo.gov.mk*

INTERCERT CERTIFIED
ISO 9001 Q- 003/2016

Арх.бр. 03 – 431/197
05.11.2025

**ПРАВИЛНИК**
**ЗА**
**ПРИЈАВУВАЊЕ, РЕАКЦИЈА И САНИРАЊЕ НА ИНЦИДЕНТИ СО ЈЗУ УК ЗА ДЕРМАТОЛОГИЈА – СКОПЈЕ ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ**

Ј.З.У УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ДЕРМАТОЛОГИЈА – СКОПЈЕ
*бул.Мајка Тереза бр.17 , 1000 Скопје, Р. Северна Македонија*
*Тел. + 389 2 31 47 205*
*e-mail: ukdermatologija@zdravstvo.gov.mk*

Врз основа на одредбите член 28 од Законот за заштита на личните податоци ("Службен весник на Република Северна Македонија‘‘ бр.42/2020, 294/2021 и 101/2025), а во врска со член 10 став 2 и 3 од Правилникот за безбедност на обработката на личните податоци ("Службен весник на РСМ" 122/20), ЈЗУ УК за дерматологија – Скопје донесе:

**ПРАВИЛНИК**
**ЗА**
**ПРИЈАВУВАЊЕ, РЕАКЦИЈА И САНИРАЊЕ НА ИНЦИДЕНТИ СО ЈЗУ УК ЗА ДЕРМАТОЛОГИЈА – СКОПЈЕ ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ**

**Член 1**

Со правилникот се пропишува начинот на пријавување, реакција и санирање на инциденти, кои влијаат или можат да влијаат на тајноста и заштитата на личните податоци, кои се обработуваат во ЈЗУ УК за дерматологија, во својство на контролор.

**Член 2**

Секој корисник е должен веднаш да го пријави на администраторот на информацискиот систем секој инцидент што ќе настане во процесот на обработување на личните податоци.

Пријавувањето на инцидентот од став 1 на овој член се врши во електронска форма, а доколку тоа не е возможно, пријавувањето се врши во писмена форма, при што се наведуваат следните податоци за инцидентот:

- Време на настанување на инцидентот;
- Траење и престанок на инцидентот;
- Место во информацискиот систем каде се појавил инцидентот;
- Податок или проценка на обемот, односно опсегот на инцидентот;
- Име и презиме на корисникот кој го пријавил инцидентот;
- Име и презиме на овластеното лице до кое е доставена пријавата на инцидентот.

**Член 3**

По приемот на пријавата за инцидентот, администраторот на информацискиот систем веднаш започнува да врши проценка на причините за појавување на инцидентот, како и за тоа дали и кои мерки треба да се превземат за неговото санирање и за спречување на неговото повторување во иднина.

Доколку се работи за инцидент кој се повторува, администраторот на информацискиот систем е должен да превземе мерки, кои ќе гарантираат трајно отстранување на ризикот од неговото повторување.

**Член 4**

Доколку како последица на инцидентот дојде до губење или бришење на дел од сите лични податоци, содржани во информацискиот систем, истите ќе бидат повторно внесени – вратени во информацискиот систем, со користење на сигурносните копии, кои што се чуваат кај контролорот.

Постапката од став 1 на овој член ќе се примени и доколку бришењето или губењето на дел или сите лични податоци содржани во информацискиот систем е неопходно заради отстранување на последиците од инцидентот или за преземање на мерки за спречување на неговото повторување во иднина.

Ј.З.У УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ДЕРМАТОЛОГИЈА – СКОПЈЕ
*бул.Мајка Тереза бр.17 , 1000 Скопје, Р. Северна Македонија*
*Тел. + 389 2 31 47 205*
*e-mail: ukdermatologija@zdravstvo.gov.mk*

**Член 5**

При повторно внесување – враќање на личните податоци во системот, задолжително и во електронска форма се врши евидентирање на корисниците кои ги извршиле операциите за повторно враќање на податоците, категориите на личните податоци кои биле вратени и кои биле рачно внесени при враќањето.

Повторното враќање на личните податоци во информацискиот систем се врши од страна на корисниците врз основа на претходно издаденото писмено овластување од страна на одговорното лице во ЈЗУ УК за дерматологија ести.

**Член 6**

Овој правилник влегува во сила со денот на донесување, односно со објаву-вањето на огласна табла во ЈЗУ УК за дерматологија - Скопје.

Изработиле :

Офицери за заштита на личните податоци

Дипл.прав.Биљана Алексовска

М-р Оливера Кузмановска

ВД Директор

Проф.д-р Катерина Дамевска

Katerina Damevska

Digitally signed by Katerina Damevska
Date: 2025.12.03 13:03:32 +01'00'